**З А П И С Н И К бр. 46**

Од одржаната 46-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 14.02.2020 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници . Останати присутни:Методи Николов, Градоначалникот, Верица Савева, Горан Кокев, Кире Горгиев и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 45-тата седница,**
2. **Одлука за усвојување на полугодишниот извештај за работата на ООУ Синиша Стоилов во учебната 2019/20 година и проблемите во врска со наставата во второто полугодие,**
3. **Одлука за давање на согласност на планот и програмата за екскурзии за трето, шесто и деветто одделение за 2020 година,**
4. **Одлука за усвојување на Ивештајот за реализација на програмата на КЈП Водна Кула Зрновци за 2019 година,**
5. **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за работа на ЈОУДГ Бисерчиња за 2019 година,**
6. **Одлука за одобрување на финансиски средства за покривање на трошоците што се направени за погребот на Васко Васев од с.Зрновци**
7. **Разно**

Тек на седницата: Претседавачот ја отвори седницата и отвори дискусија по дневниот ред. Претседавачот предложи 5-тата точка да биде 2-ра. Ваквите измени на дневниот ред беа изгласани со 9-ЗА гласа.

1. **Усвојување на записникот од 45-тата седница,**

Претседавачот отвори дискусија по записникот. Никој не се јави за збор и записникот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

2. **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за работа на ЈОУДГ Бисерчиња за 2019 година,**

Претседавачот отвори дискусија и даде збор на директорката Верица Савева. Таа накратко го образложи извештајот со детали околу спроведените активности и тековни проблеми. Таа ги информира советниците и сите присутни дека во тој момент во градинката имало 51 запишано дете. Градоначалникот постави прашање во врска со грипот и состојбата во градинката. Му беше одговорено дека состојбата е под контрола и штом се појави некое заболено дете истото останува дома и не доаѓа во градинката.Дивна Веселинова постави прашање околу вакцинирањето на децата. И беше одговорено дека сега за одредена вакцина е дозволено и после запишувањето да се добие според календарот на вакцинирање. На крај Извештајот беше одобрен со 9-ЗА гласа.

3. **Одлука за усвојување на полугодишниот извештај за работата на ООУ Синиша Стоилов во учебната 2019/20 година и проблемите во врска со наставата во второто полугодие,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на директорот Кире Горгиев кој го појасни извештајот. Тој кажа дека имало вкупно 153 запишани ученици. Извештајот беше исвоен со 9-ЗА гласа.



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

4. **Одлука за давање на согласност на планот и програмата за екскурзии за трето, шесто и деветто одделение за 2020 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Кире Горгиев. Тој ја појасни програмата и побара подршка од советниците. Виктор Новков праша дали за екскурзијата во Скопје децата ќе добијат и водич. Кире објасни дека во тендерската е појаснето дека фирмата понудувач треба да обезбеди и водич. Планот и програмата беа изгласани со 9-3А.

5. **Одлука за усвојување на Ивештајот за реализација на програмата на КЈП Водна Кула Зрновци за 2019 година,**

Претседавачот отвори дискусија по точката и даде збор на директорот Горан Кокев кој накратко го појасни извештајот.Виктор Новков праша дали новодобиеното возило и опрема се чува во објектот за селекција на отпад. Му беше одговорено дека таму до скоро имало проблем со една фаза но истиот бил отклонет и дека таму се чува новиот трактор. Извештајот беше усвоен со 9-3А.

6. **Одлука за одобрување на финансиски средства за покривање на трошоците што се направени за погребот на Васко Васев од с.Зрновци**

Претседавачот отвори дискусија по точката. Градоначалникот појасни дека по закон ЕЛС е должна во вакви случаи да го организира погребот и да ги сноси скромните трошоци околу 12.600 мкд. Одлуката беше донесена со 9-3А гласа.

7. **Разно**

Претседавачот отвори дискусија по точката. Градоначалникот предложи донесување на Одлука за препокривање на дел од новонастанатиот кров во Домот на културата во Видовиште поради појава на кондензација. Тој го образложи проблемот и итноста од донесување на оваа одлука. Одлуката беше донесена со 9-3А.

Виктор Новков побара збор и спомна дека до 18-ти требало да се донесе одлука за избор на алатка за транспарентност за проектот Зајакнување на општинските совети. Градоначалникот појасни дека од страна на УНДП има доставено листа на можни алатки и дека тој имал одредени разговори и истражување околу поставување на видео бим на плоштадот како алатка за транспарентност на општината.

Седницата заврши во 14.37 часот.

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)